РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08 -5526/14
10 -01- 2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 97-та седница одржана на ден 27.12.2023 година ја донесе следнава

**О Д Л У К А**

Постапката по предмет со бр. 08-5526/1 од 02.06.2022 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по наведениот предмет.

Предметот со бр. 08-5526/1 од 02.06.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

***Образложение***

Предметот со бр. 08-5526/1 од 02.06.2022 година е оформен основ на Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2022 година за проверка на податоците од анкетниот лист на _______________, пратеник во Собранието на РСМ.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК прибави податоци за имотот на _______________и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По анализа на прибавените податоци и нивно споредување со податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на _______________, ДКСК констатира дека податоците во поднесениот анкетен лист се совпаѓаат со прибавените податоците од конкретните институции.

Имајќи го предвид сето претходно наведено, ДКСК констатира дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: м-р Антонија А. Тасевска, советник
Одобрил: Софка Пејовска Дојчиновска, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk